РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 08-2477/1
20.11 2018 год.
КОЧАНИ

Врз основа на чл.50 ст.1 т.16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 30 став 1 од Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015), член 2 и член 6 од Правилникот за доделување стипендии на студенти жители на општина Кочани (Службен гласник на Општина Кочани бр.13/2017, 1/2018 и 12/2018), Градоначалникот на Општина Кочани донесе

# О Д Л У К А
## за распишување на конкурс за доделување на стипендии на студенти жители на општина Кочани и за утврдување на дефицитарни кадри

### Член 1

Да се распише конкурс за доделување на **30 (триесет) стипендии** на студенти жители на општина Кочани за следните категории на студенти: најмногу 5 (пет) стипендии за студенти од Ромската етничка заедница, 10 (десет) стипендии за студенти од социјално загрозени семејства, најмногу 5 (пет) стипендии за студенти запишани на факултети за медицински науки, а останатите стипендии за студенти кои постигнале висок успех во студирањето.

Доколку на јавниот конкурс не се пријават студенти од Ромската етничка заедница, студенти запишани на факултети за медицински науки или нивните пријави се оценети како неприфатливи, бројот на стипендии распределен за овие категории на студенти, Градоначалникот може да ги додели овие стипендии на студентите од социјално загрозени семејства пријавени по јавниот конкурс кои ги исполнуваат условите за доделување на стипендија, а според редоследот на рангирање по бодови согласно изготвената ранг-листа

Постапката за доделување на стипендии на студенти жители на општина Кочани да се спроведе на начин, услови, критериуми и постапка уредени со Правилникот за доделување стипендии на студенти жители на општина Кочани (Службен гласник на Општина Кочани бр.13/2017, 1/2018 и 12/2018).

### Член 2

Конкурсот да се објави на веб страната http://www.kocani.gov.mk на Општина Кочани, на огласна табла на Општина Кочани и во локалните медиуми.

Конкурсот трае 15 дена, сметано од денот на објава.

### Член 3

**Износот на стипендијата изнесува 3.000,00 денари месечно, по студент.**

Стипендијата да се додели за 10 (десет) месеци, а исплатата на стипендијата да се врши почнувајќи од месец Септември 2018 година и завршува со месец Јуни 2019 година.

Стипендиите за студенти се планирани во Програмата за поддршка на образованието на Општина Кочани за 2018 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.13/2017) и ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кочани за 2018 и 2019 година, од Програмата на Градоначалникот D0, ставка 464, подставка 464110.

### Член 4

Постапката за доделување на стипендии на студенти жители на општина Кочани ќе ја спроведе посебна комисија формирана од Градоначалникот на Општина Кочани со решение.

**Член 5**

Како **дефицитарни кадри** во општина Кочани за студиската 2018/2019 година, по кој основ можат да се добијат најмногу 5 бода, се утврдуваат следните:

1. **Технолошки факултет,**
2. **Факултет за ветеринарство,**
3. **Факултет за музичка уметност ( виола и виолина)**
4. **Хемија**
5. **Биологија и**
6. **Текстилен инжинер.**

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Градоначалник,**
**на Општина Кочани**
**Николчо Илијев**

Доставено до:

- Архива (1),
- Одделение за јавни дејности (1),
- Комисија за спроведување на стипендии (1),
- Сектор за финансиски прашања (1).

Изготвил: Анна Кралева